# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Првото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 март 1999 година

Седницата се одржа во зградата на Владата на Република Македонија (голема сала), со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски,

претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, пред да поминеме на

разгледуваше на точките од дневниот ред од Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, сакам да ве известам за следново.

Пред седницата одржав состанок со координаторите на пратеничките групи, или нивни заменици од сите пратенички групи, исто шефот на најголемата опозициона група господинот Бранко Црвенковски и од тој состанок произлезе ставот и барањето денеска во 16,00 часот Собранието да одржи посебна седница на која што ќе добиеме информација од Владата во врска со актуелната политичко-безбедносна состој-ба во која што се наоѓа Република Македонија, а во светлината на настаните на Косово. Со оглед на фактот што и писмено имавме од пратеничката група на ЛДП поднесено барање, но ставот е и на сите други пратенички групи денеска да добиеме информација во врска со настаните. Јас мислам тоа да го пренесам како став на сите пратеници во Собранието и да го замолам претставникот на Владата да каже дали прифаќа денеска претставници на Владата да не информираат секој од својата област, или премиерот во врска со актуелната политичко-безбедносна состојба во која што се наоѓа Републиката.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, Владата ја прифаќа иницијативата на пратеничките групи од Собранието, така што во 16,00 часот ќе добиете информација од претставниците на Владата во врска со точката на дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, ние ќе работиме по точките од дневниот ред кои што ги имаме на денешната седница, па после една пауза ќе ја одржиме таа вонредна седница, посебна седница на Собранието на Република Македонија.

Според тоа, продолжуваме со работа по Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Томислав Стојановски, Илија Филиповски и Ристо Тодоров ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Имам информација, одредени министри кои што исто така од оправдани причини денеска не можат да присуствуваат на седницата.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за минерални суровини.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на

Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа еве јас после 100 дена за првпат сум пред оваа говорница, се држев за она гесло, иако не е предвидено во нашиот Устав, во нашите закони да се даде можност на Владата за тие 100 дена да покаже што може, што намерава и што по тоа, што

предвидела, постигнала за тие 100 дена. Бидејќи тука на дневен ред е конкретен Предлог-закон, јас нешто за него овој пат ќе кажам, а за овој другиот дел кога ќе има на дневен ред некоја слична точка. Овој закон очигледно е дека се направени напори да добие повисок квалитет отколку што го имавме Законот за истражување и екс-плоатација на минералните суровини, или како што се викаше порано Рударски закон. Оваа материја рударството е многу сложена материја. Земјите во светот на таа материја и посветуваат особено внимание во истражувањето и откривањето на рудните богатства. И тие земји кои располагаат со минерални лежишта, тие земји и на база на таквите лежишта и развиле голема индустрија. Тоа е голем број земји во светот. Карактеристична е посебно Шведска која ја разви својата црна металургија, а на основа на тоа својата машинска индустрија и целокупната останата индустрија на богатите лежишта на железо, посебно на магнетит. Вие гледате дека земјите кои располагаат со минерални богатства, а и оние кои располагаат со нафта, гас и тн. се земји кои што имаат највисок стандард. Ние во периодот кога живеевме во една друга држа-ва во Македонија доста значајни средства се издвојуваа за истражување на минералните лежишта. За жал, некаде од 1990 година ние издвојуваме симболични средства во тој поглед. Меѓутоа, можам да ви кажам бидејќи еве 35 години сум во стопанството, дека Македонија располага со големи минерални лежишта, било тоа да се метали, неметали, јаглен и тн. Меѓутоа, степенот на истражeноста на тие лежишта е многу низок. Ние знаеме дека Македонија е целокупно оруднета, знаеме дека располага со огромни наоѓалишта на олово, на цинк, сериозни наоѓалишта на бакар, на злато, на јаглен. Меѓутоа, не знаеме колку се тие експлоатабилни резерви, колку се А, Б и Ц резерви. Според тоа, ни останува еден процес на интензивни истражувања по таа област. Овој закон до некаде ги отвара тие врати затоа што со него се овозможува и странски компании и странски физички и приватни лица да учествуваат во истражувањето. Значи, да дојде и стран, свеж капитал во тој поглед. Меѓутоа, тој до крај не ги дефинира тие прашања. На пример кога се зборува за концесиите, тоа е најважниот и најзначајниот дел на овој закон, под кои услови, на кого, колку, кое време се издава една концесија. Тука има ред непознаници. Тука има големи проблеми кои што ќе се појават. На пример се предвидува дека концесија за истражување би се дала до в години. Тоа е во ред. Меѓутоа, што станува после 8 години, каде е местото и улогата на концесорот. Вие знаете дека за истражување на едно лежиште потребни се огромни средства. Значи, треба да се вложи капитал во непознато. Ако се изнајде лежиште, ако се изнајде руда и ако се изнајдат такви резерви и таков квалитет и таква содржина кој обезбедува веднаш рентабилно производство, постојат можности таа концесија да се реализира. Значи, од истражување да се помине кон процесите на отварањбто на рудникот, преработката на рудата и тн. Меѓутоа, што станува ако во тој момент се открие лежиште кое поради цената на светскиот пазар, поради тоа што во тој момент содржината на рудата е таква да не обезбедува рентабилно производство, а 8 години поминуваат, концесионерот не е во состојба да го отвори лежиштето и да ги обезбеди сите процеси рударски и технолошки, ја губи ли концесијата? Кој понатаму стекнува право на таа концесија, а тој вложил големи пари. Ама тоа лежиште не значи дека за година, две, три, пет, десет нема да се отвори, затоа што сакам да напоменам кога јас студирав рентабилно лежиште за бакар за експлоатација беше 4%. Денеска рентабилни се и со 0,3 и 0,4%. И најголемиот дел на лежишта во светот се движат тука. Според тоа, овој закон не ја предвидува таа судбина. Тој ќе отвори многу процеси и судски спорови, затоа што овој што вложил пари, тој стекнал некое право како концесионер и мислам дека тука мора да се предвидат неговите права во еден друг временски период што му недостасува на законот.

Понатаму, законот има еден елемент на дуќанџиско работење. Во законот се обезбедува да поедини луѓе си створат доста приходи, доста така да кажам обезбедување на средства кои не се како резултат на

вложен труд и на вложени свои средства. Тоа е во онаа област кога се зборува кој може да потпишува прво, истражувашата да ги одобрува, ревидира проекти за геолошките истражувања. Па се вели во законот дека тоа треба да го прават луѓе кои ќе положат државен испит а тие ако потпишат, тоа е се во ред. Една таква пракса постоеше во поранешна, не оваа Југославија што беше, онаа поранешна Југославија што беше, а и на запад тоа се покажало како непрактично. Тука доаѓаат до израз други моменти. Тука се поставува и прашање нема ли да дојдат и да добијат, да положат такви испити и луѓе кои немаат доволно способности за една таква работа, посебно во процесот на ревидирање на проектите во експлоатацијата на рудните лежишта. Не може една комисија да ревидира проект и да одобри проект, иста комисија која ќе биде формирана и се предвидува стално таа да биде формирана. На пример, за експлоатација на подземно лежиште, за подземна експлоатација, не може да биде иста комисија дури и за подземна експлоатација, за експлоатација на јаглен, за експлоатација на метал и минерални суровини, затоа што тука има тесна специјализација. Луѓе кои се исшколувале и луѓе кои низ праксата се оспособиле за такви процеси. Споредчтоа, кој што работел на експлоатаци ја на мермер, украсен камен и тн.,не може тој да биде мериторен и да може да ревидира и да потпише проект за експлоатација на јаглен со подземна експлоатација, или експлоатација на површински копови да тоа некој го прави кој го завршил смерот за подземна експлоатација па да ревидира проекти за површински копови. Според тоа, законот мора да каже дека некој за секој проект треба да оформи комисија спрема дејноста дали се работи за површинска експлоатација, дали се работи за површинска експлоатација на јаглен, на неметали, или метали. И дали се работи за подземна експлоатација за сите категории. Според тоа, тој што ќе ја формира, дали е тој министер за стопанство,или некој друг орган, тој за секој проект ќе може да ги ангржира најспособните луѓе во тие области. Инаку на овој начин, а тоа ние сме го имале во праксата, ништо не значат тие државни испити. Со полагање на испит не се учи некој да биде добар проектант, некој да биде добар стручњак, тоа се стекнува аа факултетите и се стекнува во праксата и во животот. Според тоа, непотребни се тие испити. Вие погледајте, сега треба да на-терате луѓе кои работеле во производство, завршиле факултет пред 10, 15, 20 години, станале доктори на науки, луге кои работеле во тие дејности со години, станале големи стручњаци. Сега треба да полагаат некој испит за да можат да ревидираат проекти. Неприфатлива е таква работа и тоа нема никаква цел. Ние имавме таков случај да се полагаат тие испити, па тоа се укина, не само во рударството, туку тоа го имаше и во другите области. Според тоа, предлагам законодавецот кој го предлага овој закон во овој дел на концесиите тоа мора детално да се разработи. Не е предвидено како ќе се оди на концесии.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:** (Продолжение)

Кои се правата на тие концесионери? Кога престануваат неговите права и тн. И другиот дел кој значи реализација на процесите на истражувањето и на процесите на експлоатацијата на минералните лежишта.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот господинот Љубисав Иванов.

Продолжуваме со расправа.

Молам, кој бара збор?

Водиме расправа по општиот претрес.

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе аманадмани на член 19 став 1, член 26 за бришење на став 1, член 72 и член 89 став 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 136 став 1 ,член 137 став 1,член 138 став 1 за додавање нов член 138-а по членот 138, член 139 и за бришење на член 140 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Чедо Петров поднесе амандмани на членовите 19 став 1, 26 став 1 и 32 став 2 точка 2 за бришење на

членовите 28, 29 и 30, член 32 став 2 за менување на точка 5 и за додавање нова точка 6 по точката 5, член 38 за бришење на став 4, член 53 алинеја и за додавање нова алинеја 6 по алинеја 5 член 62 став 2 алинеја 5 за додавање нов член 63-а и на член 65 за додавање нов став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Андула Алиу поднесе амандмани на член 136 за додавање нов став 2 член 137 за додавањенов став 2 и ан член 138 за додавање нов став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1, член 26 став 1 и 32 став 1, точка 2 поднесен од пратеникто Чедо Петров.

Има збор пратеникот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Со оглед дека предлозите што се дадени за промени и прифатени од страна на Комисијата за стопанство и ЗПК и во разго-ворите со претставниците на Министерството за стопанство ги повлекув, останатите амандмани. Останувам само на амандманот број 4 тоа е член 38 став 4 да се брише.

Образложениеото е следното. Мислам дека концесионерот и ревидентот се тие што треба да ја договорат цената на услугата а не министерот да ја определува цената на извршената услуга. Така да останува само амандманот број 4 за усогласуваше.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да констатираме. Значи, пратеникот Чедо Петров ги повлече амандманите на членовите 19 став 1, член 26 став 1 и член 32 став 2 точка 2, членовите 28, 29 и 30 став 2, член 32 за менување на точката 5 и за додавање нова точка 6 по точката 5. Значи сето ова пратеникот го повлекува.

Според тоа останува амандманот на член 38 за бришење на став 4.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за стопанство Жанко Чадо.

**ЖАНКО ЧАДО:**

Почитуван претседателе, почтиувани пратеници, се прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 53 алинеја 4 и за додавање нова алинеја 6 по алинејата 5 поднесен од пратеникот Чедо Петров.

И тоа е повлечено.

Според тоа останува да отворием претрес по амандманот на член 136 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Абдула Алиу.

Дали пратеникот сака да го обрзаложи предлогот.

(Абдула Алиу - не)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЖАНКО ЧАДО:**

Господине претседателе, господа пратеници, амандманите од господинот пратеник Абдула Алиу не се прифатени од следниве причини.

Прашањето е уредено со амандман 4 од ЗПК кој е прифатен од страна на претставникот. Предлогот на пратеникот Алиу е оценет како конструктивен од наша страна заради што истиот е веќе прифатен како амандман од ЗПК. Предлозите за висината на казните не се во согласност со висините на казните утврдени во Законот за прекршоците односно предложени се повисоки износи на казна заради што овој амандман не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по

амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

31 пратеник се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

КОнстатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 136 за додавање нво став 2 поднесен од пратеникот Абдула Алиу.

Отворам претрес по амандманот на член 137 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Абдула Алиу.

Дали пратеникот сака да го образложи амандманот?(Не)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЖАНКО ЧАДО:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Овој амандман и следниот не се прифаќаат од истите причини

поради кои не се прифати претходниот амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на Владата.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Тројца пратеници се за.

Дали има некој против?

55 пратеника се против.

Дали има некој воздржан?

5 пратеника се воздржани.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои

амамдманот на член 137 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Абдула Алиу.

Отворам претрес по амандманот на член 138 за додавање на нов став 2 поднесен од пратеникот Абдула Алиу.

Претставникот на Владата се произнесе негативно. Молам, дали некој друг бара збор по овој амандман. Има збор пратеникот Кире Андоновски.

**КИРЕ АНДОНОВСКИ:**

Господине претседателе, господа пратеници, Јас можеби требаше да излезам уште по првиот амандман поднесен од Алиу бидејќи тие амандмани се содржани во амандманите на ЗПК. На Законодавно-правната комисија се договоривме поради тоа што имаше доста амандман не на седницата, туку утредента заедно со претставникот на Владата да се прочистат дилемите што постојат. Мислам дека тие се прочистени и меѓувремено поднесол и господинот Алиу амандмани. Така да не би требало да се гласа за овие амандмани бидејќи се содржани во амандма ните на ЗПК.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Андоновски, меѓутоа ние ја отпочна вме процедурата и да завршиме и со овој амднман како и со другите.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Двајца пратеници се за.

Дали има некој против?

51 пратеник е против.

Дали некој се воздржува?

11 пратеници се воздржуваат.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандма-нот на член 138 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Абдула Алиу.

Пордолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Еден пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

(Никој)

Според тоа констатирам дека Собранието со 72 гласа за го донесе Законот за минерални суорвини.

Со седницата ќе продолжи да раководи потпретседателот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Минуваме на точката 3 Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање со Предлогот на закон.

Предлогот за донедуваше на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Имам задача од Комисијата за градежништво и урбанизам да го запознам ова Собрание со извештајот на оваа комисија при разгледувањето на предлозите за донесување на законот за изменување и дополнување на законите кои се на дневен ред на оваа седница на Собранието на Република Македонија.

Со оглед на тоа што овие предлози за донесување на закони се од сферата на работата на Министерството за урбанизам и градежништво, скоро поврзани еден за друг а на дневен ред се еден по друг, а во интерес на времето ќе ми дозволите извештајот да го поднесам за сите предлози на закони заедно.

Она што е заедничко за сите предлози за изменување и дополнување на законите е целта да се скрати и поедностави постапката при планирањето на просторот и при изградбата на објекти.

На предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање Комисијата даде свои забелешки и еден амандман кој што претставникот го прифати со нагласок дека има простор на овој закон сеуште да се работи со цел планирањето и реализацијата на плановите што повеќе да се поедностават и да се доближат до граѓаните.

Комисијата на текстот на Предлогот на законот за градежно земјиште не предложи амандман и остана на становиште дека е неминовно и брзо донесување на нов закон за градежно земјиште со што ќе се регулираат многу прашања, а пред се оние кои се однесуваат на сопственичките права што е од голем интерес на граганите.

На Предлогот на законот за изменување и дополнуваше на Законот за земјоделско земјиште амандманот што го предложи оваа комисија само го доразјаснува просторот на кој што се однесува овој член а претставникот се согласи со амаднманот.

За предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот изградба на инвестициони објекти Комисијата со оглед на важноста на овој закон за граѓаните застана на становиште дека има простор за дорегулирање и на други прашања од оваа област, што претставникот го прифати односно за подготовка на сосема нов закон.

На предлогот на законот за изменување на Законот за комунални дејности Комисијата нема забелешки на овој предлог на закон.

Според тоа Комисијата предлага Собранието да ги разгледа и усвои предлозите за донесување на закони и да ги донесе законите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Кирил Настевски.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници гласаа за)

Дали има некој против?(Пратениците креваат рака)

Дали некој се воздржува од гласање?

Со 65 гласа за констатирам дека Заклучокот е усвоен.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:** (Продолжение)

Дали Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака) Дали има некој против? Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандман на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амаднмани за преформулирање на член 2, член 6, член 8 во новиот член 21-а, став 1 за преформулирање на став 2 и на новиот член 21-6, став 1 и 2, за менување на член 9, член 11, за менување на став 1, член 12, став 2, за спојување на членовите 13 и 14, во еден член, член 15 член 16 став 1 и 2, член 19 став 1, и за бришење на став 2, за преформулирање на членот 25 и за додавање нов член 26 по член 25, со кој се согласил претставникот на Владата и е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 63 пратеници гласаа за. Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржува од гласање? Никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Никола Јовановски.

**НИКОЛА ЈОВАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Несомнено за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште е еден степен за забрзување, да речам, на процесот, бидејќи сите знаеме како тоа беше спор процес со многуборјна документација и тн. Секако дека ова ќе придонесе со поедноставување на процедурата, поефтинување на крајот на краиштата за граѓаните кои се спремни да инвестираат. И, секако, треба да се поздрават неколку точки кои ја поедноставуваат работата, ги ослободуваат граѓаните од зголемени трошоци, како што е примерот кога градежното земјиште не е уредено, а инвеститорот на своја сметка тоа го прави и се ослободува од плаќање на надоместок.

Секако, за поздравување е и тенденцијата да се ослободат од плаќање за уредување на градежното земјиште оние кои се заинтресирани за преадаптација и изградба на поткровјата. Знаеме каков е проблемот со луѓето во нашата држава кои немаат свој став и секако дека ова ќе придонесе овие поткровја, кои инаку се и проблем на станарите кои живее во тие згради, можат полесно да се преадаптираат.

Јас само би дал неколку напомени ако може да се корегираат некои други моменти. Тука имаме дека Владата ќе донесе програма со која ќе се утврди технологијата и методологијата за одредување на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште. Секако дека цените на уредувањето на градежното земјиште се различни во зависност од градот и тн., централно градско подрачје, периферија и тн.

Мегутоа, јас би апелирал во технологијата, во методологијата да се земе предвид економската моќ на граѓаните, за да не се случи и она што го имавме и досега висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште буквално да ги тера граѓаните диво да градат.

И, би сакал уште еден момент како можност за корекција. Имено, имавме можност да видиме пред извесно време дека Судот ја укина одлуката за плаќање на приклучокот за електрична енергија. Дали сега по аналогија би одело дека приклучокот за вода и приклучокот за канализација ќе се укинат или повторно ќе ги ставиме граѓаните во ситуација да водат спор пред судските институции за да го остварат тоа свое право.

Би молел ако може во Законот и тие елементи да бидат вградени како би се допрецизирала законската регулатива. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Почитуван потпретседателе, ценети дами и господо пратеници, за поздравување е намерата да се рационализира постапката за реализација на планот за градење и уредување на земјиштето, што е без сомнение основен предуслов за забрзување на изградбата, како на индивидуалната така и на стопанските објекти, а се во функција на побрз развој, привлекуваше на странски инвестиции и друго. Затоа, овие измени се прифатливи и јас ги поддржувам. Бидејќи се наведува дека начелата на овие проблеми се исти како на Законот што се менува, се надевам дека начелата за заштита на културните објекти, нарочно на оние кои се под заштита на државата, мора да се почитува поригорозно и тоа не само на хартија, туку и во практиката. И, се подразбира, не само на една култура, туку на се она што претставува културно наследство на ова поднебје, кое е едно од главните компоненти за нашата лична карта за Европа. Тоа го потенцирам, затоа што она што ни се случува понекогаш за жал, е спротивно од овие начела, а примери има

многу. Сепак, би спомнал посвежиот во овие денови за постапката во дворот на објектот на Алипашината џамија во Охрид, кој што наместо од дотичниот завод за заштита на културните споменици во Охрид, да се заштити, дозволено е таа површина просто до темелот на џамијата да служи за поткусурување на апетитите на околните приватни инвеститори, кои што со нечија помош би рушиле и цркви и џамии, за да би добиле метро или две поголем дуќан.

Мислам дека не навлегувајќи во правата на приватните инвеститори, надлежните органи, што верувам дека и ќе го направат, ќе презема адекватни мерки ова провинцијално опструктивно однесување спрема нашите културни знаменитости од некој локални неодговорни фактори да не се реализира, затоа што причина повеќе е и самата повелба на УНЕСКО чиј потписник сме ние, а градот Охрид е под негова заштита, каде што јасно стои и дека неодржувањето е намерно рушење. А, што тие би рекле за намерното рушење.

Од еден друг агол мислам дека се добри овие промени, затоа што тие што граделе знаат што требало за овие последни години низ се што да поминуваат, за да сватат што значи да се гради приватен или индустриски објект во смисла и во контекст на Законот за антикорупција што значи овие мерки, веројатно би придонеле борбата против корупцијат да биде институционализирана, поефикасна токму поради упростувањето на процедурите. А, за да биде ефектот подобар мислам дека тие акти што тука се наведува дека за три месеци стандардизирање ќе се прави на законот, да бидат што поефикасни, што попрецизни, за што помала нечија арбитража, за да не дојдеме во иста ситуација потоа да имаш право се, а меѓувремено повторно да немаш право. Значи стандардизирањето и прецизирањето на тие стандарди е во, мислам ќе биде голема помош и на граганите и на тие што ќе треба да го спроведат законот.

Има уште едиа работа што сакам да ја напоменам. Со оглед на тоа дека предложените промени се прават во функција на побрз развој и рационализација на процедурата, мислам дека овој правец доведува да се земе предвид и следното.

Според становиштето на тогашниот Врховен суд на Југославија, а тоа го презеде и Врховниот суд на Република Македонија, се постапува и сега, сите градежни објекти изградени без одобрение за градба, кои што на лице место уште постојат пред 1968 година уживаат јавно правна заштита. Пак, сметам дека треба со посебна одредба  да се инкорпорираат во предложениот текст на Законот или дасе најде друго соодветно решение за нивна потполна законска лагализација. Со иста цел т.е. за стимулирање на градбата би предложил вакви видови на објекти. Изградени и после 1968 година, со неколку години да се помести таа граница и тие да уживаат таква заштита, поради самата временска дистанца што е направена од тогаш, значи, тогаш се зело од 1968 година, сега годините поминале и може за десет години да се опмести границата се со цел, сепак да се отвори вентилот за некои мали инвестиции за тие што немаат големи можности да инвестираат во поголеми објекти. Со едно такво вклопување и адаптирање на законот и тие веројатно би имале можност за себе да си направат некое решение за становање. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Положани.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување ан Законот за градежно земјиште.

Кој е за, молам, да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали некој има против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Со 64 гласа за, констатирам дека заклучокот е усвоен. Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? 65 пратнеици гласаа за. Дали има некој против? Нема.

Дали некој се воздржува од гласање? Никој.

Со 65 гласа за, констатирам дека на оваа седница да се претресе и Предлогодона закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 за додавање нов член 6 по членот 5, лчен 8 став 1, и на член 9 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Оломан Сулејмани, поднесе амаднмани за додавање нов член 6-а и на член 7 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амаднманот за додавање нов член 6-а поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Дали пратеникот сака да го образложи амаднманот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас очекував министерот да даде образложение и мислам дека амандманот е пуштен пред пратениците, меѓутоа должен сум да го образложам.

Амандманот го предлагаме од суштинска содржина и мислиме дека ќе помогне во тоа Законот да биде поедноставен.

Во членот 6 се додава нов член 6-а кој гласи:

"Во членот 27 зборовите "или орган" се заменуваат со зборовите "орган или фонд". Образложение. Уредувањето на градежното земјиште е организирано ан најразлични начини на општините на територијата на Република Македонија. Во некои општини уредувањето се врши преку јавни претпријатија, органи на општините или фондови за комунален развој. Фондовите за комунален развој преку една организациона форма да се извршуваат сите надлежности на општината од областа на комунал-ното уредување, вклучувајќи ја и изградбата на одржувањето на јавните патишта. Ова е од поголемо значење за помалите општини кои не се во можност да формираат посебно јавно претпријатие или орган за уредување на градежно земјиште и особено фонд за патишта". Со предложената измена се предвидува уште една форма на организирање која ќе овозможи поефикасно извршување на сите надлежности на општината од) областа на комуналното уредување. А, секоја општина во зависност од своите можности и потреби ќе се одлучи за одредена форма на организирање на сопствената служба.

Бидејќи сум на говорница го образложувам и вториот амандман кој се однесува на членот 7 по зборрт "финансирал", точката се брише и се додаваат зборовите: "По претходна согласност на општината". Образложение. Со амандманот се овозможува уредување на локација од страна на инвеститорот по сопствен трошок да има претходна согласност на општината, која е надлежна за работите од областа на уредува-њето на земјиштето на сопствената територија, а и е во функција зафатите да бидат во согласност со урбанистичкиот план.

Додека сум тука мислам дека амандманот,иако се предлага од страна на опозиција, позицијата ме поддржува, бидејќи амандманот е суштински.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Оломани.

Го молам претставникот на Владата, министерот Кадиевски да се произнесе.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ни едниот ни другиот амандман не се при-фаќа од причина што уредувањето на земјиштето е во надлежност на локал ната самоуправа. Па, бидејќи и едниот и другиот амандман се во врска со Законот за локална самоуправа, тоа може да биде предмет на тој закон, така што друг пат кога ќе имаме некои измени и дополни на таков закон би можело да се земе предвид ова кажување на пратеникот. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на министерот Кадиевски.

Дали некој друг бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:** (Продолжение)

Дали некој се воздржува од гласањето?

За амандманот гласаа 5 пратеници, против гласаа 34 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмани за додавање нов член 6-а поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Бидејќи пратеникот и министерот се изјаснија по овој амандман, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никоје не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека Собранието со 36 гласа против не го усвои амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никј не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Пратеник крева рака)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

За предлогот на законот гласаа 61 пратеник, против гласаш еден, а воздржани немаше.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на

закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделско земјиште.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање?

КОнстатирам дека заклучокот е усвоен со 59 гласови за.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон со 59 гласа за.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандман на член 4 став 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 1, член 3 и член 5 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот ОЛоман Сулејмани поднесе амандман на член 4 став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Кадиевски, министер за градежништво и урбанизам.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Пак ќе кажам, не се прифаќа ни едниот ни дргуиот амандма од причина што првиот амандман е речиси истиот како и вашиот, така што нема битна разлика. Сметам дека, тоа го дискутиравме и во ЗПК при Собранието и заклучивме да остане вака како што е. Мислам дека ќе бидете задоволен и со нашиот предлог.

Што се однесува до вториот амандман, мислам дека нема потреба да стои "општина" затоа што за потребите на општината при урбанизирање или на урбанизирани подрачја Република доделува земјиште. Процесот е таков. Локалната самоуправа, за своите потреби бара од Републиката да и се додели земјиште и тогаш општината е ослободен; од плаќање. Но, Републиката треба да и додели земјиште на општината.

Мислам дека тоа што го барате е исто така содржано во законските одредби што сега не се предмет на измена и дополнување

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на министерот Кадиевски.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(8 пратеници )

Дали има некој против? (39 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање?

(3 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 4 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани затоа што 39 пратеници биле против.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

КОј е за, молам да крене рака? (57 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (НИкој)

Со 57 гласови за констатирам дека Собранието го донесе законот за изменуваше и дополнување на Законот за земјоделско земјиште.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти со Предлог на закон.

Молам службите да проверат дали имаме кворум за работа. Доколку нема, молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во сала за да можеме да работиме.

(Пратениците влегуваат во сала)

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на за-конот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменуваше и дополнуваше на Законот за изградба на инвестициони објекти.

Кој е за, молам да крене рака?(60 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Со 60 гласови за се усвојува заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (НИкој)

Со 60 гласови за констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандман на член 5 став 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 4 став 1,2,3 и 4 и член 8 став 2, член 9, за додавање два нови члена по членот 10, за менување на членот 11 и на членот 12 со кој се согласил и претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието со 61 глас за го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за изградба на инвестициони објекти.

Ако се согласувате да прекинеме со оваа седница, да дадеме пауза бидејќи од 16 часот имаме посебна седница.

Ке продолжиме во некои од наредните денови за што дополнително ќе бидете известени.

(Седницата прекина со работа во 13,35 часот.)